РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-4488/1
Скопје 10.12.2021г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

До: Трговските радиодифузни друштва што емитуваат радио програмски сервиси

Предмет: Известување за можност за доброволно пријавување за емитување домашна музика

Почитувани,

Според Член 80 ставови 7 и 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

„(7) *Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца.*

*(8) Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30%.*

Согласно **Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година,** радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот, со жанровска одредница каква што пријавиле во Програмскиот концепт, кој што е составен дел од нивната Дозвола за радио емитување.

Доколку се одлучите да емитувате домашна музика во 2022 година, со цел намалување на Вашиот надоместок за дозвола, Ве молиме тоа да го пријавите во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги најдоцна до 5-ти јануари 2022 година.

Потсетуваме дека доколку Агенцијата во текот на годината со надзор утврди дека не го емитувате доброволно пријавениот процент музика на македонски јазик и

на јазиците на етничките заедници, ќе треба да го доплатите износот за којшто на почетокот од годината ќе Ви биде намален надоместокот за дозвола за 2022 година.

Вашите пријави (со печат и потпис) испраќајте ги на следниот е-маил: contact@avmu.mk

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**